# „ПОДДРШКА ОД ГРАЃАНИТЕ БАРААТ, НО ИНФОРМАЦИИ НЕ ДАВААТ“

## ИЗВЕШТАЈ ОД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО ДЕЛОТ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО РМ (ОКТОМВРИ 2010 – ЈУЛИ 2011 ГОД.)

**Општо за Фондацијата Отворено општество – Македонија**

Фондацијата отворено општество – Македонија (ФООМ) беше основана од Џорџ Сорос во октомври 1992 година, како претставништво на странско правно лице, со мисија чија срцевина остана непроменета до денес – промовирање на концептот на отвореното општество во Македонија. Во 1999 година беше регистрирана како национално правно лице – фондација, во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации. ФООМ е дел од Соросовата мрежа во централна и источна Европа. Приоритет на фондацијата е да придонесува за внатрешна интеграција на Македонија како предуслов за интеграција во ЕУ.

Фондацијата ја продолжува својата заложба за зајакнување на изгледите на Македонија за членство во ЕУ преку негување внатрешна интеграција како предуслов за тоа. Посветена на промоцијата и поддршката на отвореното општество, преку сите програмски области: образование, право, јавна администрација и локална самоуправа, граѓанско општество, јавно здравство, информации и медиуми, ФООМ спроведува широк спектар на иницијативи кои варираат од изградба на капацитети до проекти за јавни политики и социјално застапување. Одговарајќи на различните потреби на целните групи, а посебно на младите, на Ромите и на социјално маргинализираните групи, ФООМ соработува со други НВО, меѓународни институции и донатори во насока на преземање акции кои негуваат одржлива демократија.

**Општо за Правната програма**

Правната програма на Фондацијата отворено општество – Македонија е посветена на унапредување на владеењето на правото и поддржување на реформите на правниот систем во Република Македонија. Приоритет на програмата е да го охрабри јавното учество во овие процеси. Слободниот пристап до информациите од јавен карактер, антикорупцијата, заштитата на човековите права, остварувањето на правото на бесплатна правна помош и приближување кон законодавството на Европската унија се клучни области во кои работи програмата. Правната програма своите активности ги спроведува во соработка со соросовата мрежа на фондации и домашни и странски партнерски организации.

Вашите реакции се добредојдени.
Можете да ги испратите на следнава адреса:
Фондација отворено општество – Македонија
Бул. „Јане Сандански“ бр. 111, п.фах 378
1000 Скопје, Република Македонија
Е-пошта: pravo@soros.org.mk
Web: www.soros.org.mk

# Содржина:

**ВОВЕД** ........................................................ **2**

**МЕТОДОЛОГИЈА НА НАБЉУДУВАЊЕТО** ........................................................ **3**

**РЕЗУЛТАТИ ОД НАБЉУДУВАЊЕТО** ........................................................ **5**

**I – ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА НИВНОТО ФИНАНСИРАЊЕ** ........................................................ **6**

**Ѕид од тишина: во 85% од случаите политичките партии молчат** ........................................................ **6**

**Политичките партии ги игнорираат обврските кон надзорните тела** ........................................................ **7**

**Надзорните тела немаат податоци за имотот со кој располагаат политичките партии** ........................................................ **10**

**Неажурирани податоци во Единствениот судски регистар на политичките партии – неможност да се доставaт барањата** ........................................................ **11**

**II – ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ** ........................................................ **14**

**Пристапот е правило – игнорирањето предизвикува непотребно високи финансиски трошоци** ........................................................ **14**

**Испратени на друго место: препраќања** ........................................................ **15**

**„Независната“ Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер – зависна од државниот буџет** ........................................................ **16**

**III – МЕРКИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ** ........................................................ **18**

**ПРИЛОГ 1** ........................................................ **20**

**ПРИЛОГ 2** ........................................................ **21**

**ПРИЛОГ 3** ........................................................ **22**

**ПРИЛОГ 4** ........................................................ **24**

**ПРИЛОГ 5** ........................................................ **26**

## Вовед

Во овој Извештај „Поддршка од граѓаните бараат, но информации не даваат" ги анализираме податоците од деветмесечното набљудување на политичките партии во РМ, кои се однесуваат на нивната транспарентност во финансирањето. При набљудувањето, за да дојдеме до податоците од политичките партии, го користевме Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[1] и затоа во дел од овој Извештај дополнително ја анализираме и неговата примена. Извештајот „Поддршка од граѓаните бараат, но информации не даваат" е дел од потпрограмата „Транспарентност и отчетност" на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

Во Извештајот се презентирани наодите од набљудувањето во три главни дела:

**I – Транспарентност и отчетност на финансирањето на политичките партии**

Првиот дел од Извештајот прави обид да ги оцени моменеталните состојби на транспарентност на финансирањето на политичките партии, но и почитувањето на законските одредби за нивното финансирање. Освен тоа, во овој дел е опишан и проблемот при комуникацијата со политички партии преку нивните регистрирани седишта.

**II – Почитување на правото за пристап до информациите**

Во вториот дел даден е преглед на идентификуваните слабости при користење на правото за пристап до информации. Дополнително даден е приказ на почитувањето на роковите од Законот за слободен пристап, но се потенцирани и непотребните финансии потрошени за да се обезбедат информациите кои треба да бидат јавно достапни за граѓаните. Целта на овој дел е да се утврдат разликите при имплементацијата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**III – Мерки за зголемување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии**

Третиот дел дава споредбен преглед на резултатите од овој Извештај со препораките од Третиот извештај за евалуација на РМ од Групата држави против корупцијата при Советот на Европа (ГРЕКО) кои констатираат недостиг на ефективно спроведување на правилата за финансирање на политичките партии.

Иако сме свесни дека овој приказ во Извештајот не претставува целосна оцена на транспарентноста на финансирањето на политичките партии сепак дава значаен дел од сликата за нивната отвореност. Тој исто така многу открива за ефикасноста на механизмите за добивање на информациите предвидени со Законот за слободен пристап.

[1] Сл. Весник на РМ бр. 8/06, 86/08 и 6/10. Во натамошниот текст на Извештајот за Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ќе биде употребен скратениот назив Закон за слободен пристап.

**МЕТОДОЛОГИЈА НА НАБЉУДУВАЊЕТО**

Методологијата за набљудувањето беше креирана од Фондацијата Отворено општество – Македонија (ФООМ) специјално за потребите на Законот за слободен пристап и Законот за финансирање на политичките партии[2]. Таа беше креирана така што ќе оцени дали одредбите содржани во Законот за слободен пристап и Законот за финасирање на политичките партии се применуваат во праксата во смисла на почитувањето на јавноста и транспарентноста на финансирањето на политичките партии. Методологијата е ефикасен инструмент кој овозможи анализа на индикаторите за пристап до информациите, како и компаративна анализа на транспарентноста на политичките партии.

Процесот на набљудувањето го опфати периодот **од 15 октомври 2010 година до 15 јули 2011 година**, период од 9 месеци во кој треба да бидат добиени и второстепените одлуки, при евентуално молчење на политичките партии и не доставувањето на одговорите, како и да биде обезбедена судската заштита на правото за слободен пристап, доколку е неопходно. За целите на набљудувањето ФООМ го користеше Единствениот судски регистар на политички партии (Прилог бр.4). Набљудувањето ги опфати политичките партии кои ги исполниле обврските согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за политичките партии[3], односно кои пред истекот на четирите години од денот на регистрацијата доставиле до судот поединечно дадени потписи заверени пред нотар, со број на потписи потребни за основање на политичката партија. **Беа набљудувани следните 48 политички партии: Социјалдемократски сојуз на Македонија, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО-ДПМНЕ, Социјалистичка партија на Македонија, Странка на Демократска акција на Македонија, Македонска алијанса, Либерално демократска партија, Сојуз на Ромите од Македонија, Либерална партија на Македонија, Обединета партија за еманципација, Демократски сојуз, Партија за движење на Турците во Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Бошњачка демократска партија, Партија на Власите од Македонија, Партија на правдата, Социјалдемократска партија на Македонија, ВМРО-Македонска, Српска напредна странка во Македонија, Демократска лига на Бошњаците во РМ, Народно движење за Македонија, Демократски сојуз на Власите од Македонија, Демократска унија за интеграција – ДУИ, Демократски сили на Ромите, ВМРО-Народна партија, Национална алтернатива, Нова социјадемократска партија – НСДП, Партија за интеграција на Ромите, Партија за европска иднина – ПЕИ, Сојуз на Титови леви сили, Демократска обнова на македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова Вардар-Егеј-Пирин – ТМОРО-ВЕП, Нова алтернатива, Национална демократска унија, Партија на слободни демократи, Социјадемократска унија – СДУ, Партија на обединети демократи на Македонија – ПОДЕМ, Демокрациа е Ре, Обединети за македонија, Нова либерална партија, Партија за демократски просперитет - Тетово , Партија за демократска акција – Вистински пат, Тетово, Демократска партија на Албанците, Тетово, Движење на национално единство на Турците, Гостивар, Партија за целосна еманципација на Ромите, Тетово, Демократска унија на албанците, Тетово – ДУА, Демократска унија на Ромите, Прилеп и Сојуз на Еѓипќаните, Охрид**.
Дополнително барања за пристап до информации за транспарентноста на финансирањето на политичките партии беа испаратени и до органите надлежни за контрола на финасиското работење на политичките партии, односно до:

[2] Службен весник на РМ бр. 76/2004, 86/2008, 161/2008 и 96/2009
[3] Службен весник на РМ бр.76/2004, 5/2007, 8/2007 и 5/2008

Министерството за финасии, Управата за јавни приходи и Државниот завод за ревизија, како и до Основниот суд Скопје 2 - Скопје.
Беа поднесени **104 барања** во октомври 2010 година и во втор наврат, во февруари 2011 година, беа поднесени уште **48 барања**, односно **вкупно 152 барања**.

**Набљудувањето беше дизајнирано на таков начин што поднесените барања за пристап до информациите се однесуваат на приходите и расходите на политичките партии кои се јавни информации согласно Законот за финансирање на политичките партии. Значи бараните информации не се информации кои се под посебен заштитен режим, односно не потпаѓаат под исклучоците на Законот за слободен пристап.**

Важно е да се напомене дека барањата беа поднесени од ФООМ, како правно лице.
Процесот на набљудување започна со поднесување на барање за слободен пристап до информациите во писмена форма.

**Резултати од набљудувањето**

Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер претпоставува дека граѓаните и правните лица можат да поднесуваат барања за пристап до информации од јавен карактер, и на истите ќе можат навремено, во рок од 30 дена, да добијат целосен одговор. Во текот на набљудувањето, **беа поднесени вкупно 152** барања, од кои по три до 48 политички партии од Единствениот судски регистар на политичките партии и останатите до Министерството за финасии, Управата за јавни приходи, Државниот завод за ревизија, Централниот регистар и Основниот суд Скопје 2 - Скопје. **Анализирани се резултатите од 122 барања, од кои 104 се доставени до политичките партии**.

Од поднесените 104 барања во октомври 2010 анализирани се 86 барања, од кои 8 беа доставени до институциите и **78 барања** беа доставени до 39 политички партии, бидејќи до другите 9[4] политички партии не можевме да доставиме препорачани поштенски пратки со барањата за пристап до информациите. Тие или веќе беа иселени или непознати на адресата која ја имаат дадено во Единствениот судски регистар на политичките партии. Загрижува податокот дека една[5] од нив која е недостапна на адресата имаше освоено пратенички мандат во составот на Собранието на РМ 2008-2011.

Од поднесените 48 барања во февруари 2011 година анализирани се 36 барања од кои 10 беа доставени до институциите, а **26** до 26[6] политички партии.

| | Октомври 2010 | Февруари 2010 | Вкупно во набљудувањето: |
|---|---|---|---|
| **Вкупно поднесени барања** | **104** | **48** | **152** |
| *Поднесени барања до политичките партии* | *96* | *38* | *134* |
| *Поднесени барања до институциите* | *8* | *10* | *18* |
| **Неуредно доставени – неможно да се достават** | **18** | **12** | **30** |
| **Вкупно анализирани барања** | **86** | **36** | **122** |
| **Анализирани барања/одговори само до/од политичките партии** | **78** | **26** | **104** |
| **Добиени одговори од политичките партии** | **6** | **9** | **15** |
| **Молчење од политичките** | **72** | **17** | **89** |

[4]Сојуз на Ромите од Македонија, Обединета партија за еманципација, Бошњачка демократска партија, Српска напредна странка во Македонија, Демократска лига на Бошњаците во РМ, Народно движење за Македонија, Демократски сојуз на Власите од Македонија, Национална алтернатива и Партија на слободни демократи.

[5] Сојуз на Ромите од Македонија

[6] За намалувањето на бројот на политички партии кои ги примиле барањата види детално во: Неажурирани податоци во Единствениот судски регистар на политичките партии, стр.11

| | | | |
|---|---|---|---|
| **партии** | | | |
| **Жалби против не постапувањето на политичките партии** | **72** | **17** | **89** |

## I – ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА НИВНОТО ФИНАНСИРАЊЕ

### SИД ОД ТИШИНА: ВО 85% ОД СЛУЧАИТЕ ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ МОЛЧАТ

Набљудувањето покажа дека поголемиот број од поднесените барања до политичките партии не добија никаков одговор. Висок е процентот на „премолчни одбивања" од страна на политичките партии во ова набљудување. Дури 85 проценти од 104 примени барања од политичките партии не добија никаков одговор.

Имено, 92 проценти од барањата кои беа поднесени во октомври 2010 се соочија со „премолчно одбивање". Ова „премолчено одбивање" на 72 барања од поднесени 78 до политичките партии е неуспех за нив да одговорат на било каков начин на барањата и тоа за информации кои што се обврзани да ги објават на својата веб страна, во најмалку еден дневен весник, но и во Службениот весник на РМ[7]. Ова претставува кршење на правото на пристап до информации со кои располагаат, а посебно се наведени како јавни во Законот за финансирање на политичките партии.

Не се подобри значително ниту ситуацијата со транспарентноста на политичките партии на барањата поднесени во февруари 2011. Па така по изминувањето на законскиот рок од 30 дена[8] беа доставени само 9 одговори на барањата. Ова значи дека 17 политички партии, од оние кои ги примија барањата, „премолчно не одбија". Иако во проценти изразено значи дека 65 проценти од барањата се соочиле со „премолчно одбивање" и споредено со 92 проценти на „премолчното одбивање" на барањата од октомври 2010 ќе прикажува подобрување на транспарентноста на политичките партии, мора да посочиме дека поднесените барања за пристап до информациите се однесуваат на приходите и расходите на политичките партии кои се јавни информации согласно Законот за финансирање на политичките партии и треба во целост да бидат достапни до граѓаните. Од друга страна „подобрувањето" се должи и поради тоа што се зголеми процентот на политичките партии до кои не можеше да бидат доставени барањата, а тоа доведе до помал број на примени барања од страна на политичките партии.[9]

---

[7] Види член 27-а од Законот за финансирање на политичките партии

[8] Види член 21 ст.1 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер

[9] Исто со фуснота 6




**Графикон број 1**: Споредба на „премолчните одбивања" и добиените одговори со примените барања од политичките партии во октомври 2010, февруари 2011 и вкупно во Истражувањето

Па така на пример, политичките партии не се транспарентни во своето работење кога од нив ги побаравме: (1) Фотокопија од Годишниот финансиски извештај за 2009, согласно член 27 и член 27-а од Законот за финансирање на политичките партии. И број на Службен весник на РМ во кој е објавен согласно став 2 од член 27-а од Законот за финансирање на политичките партии, (2) Фотокопија од трите квартални извештаи за 2010, согласно член 25 од Законот за финансирање на политичките партии, доставени до Министерството за финансии, ДЗР и УЈП и (3) Фотокопија од последниот квартален извештај (октомври - декември) за 2010 година на политичката партија согласно член 25 од Законот за финансирање на политичките партии (Сл. весник бр.76/04, 86/08, 161/08 и 96/09). И фотокопија од објавата во дневниот весник на регистарот на донации согласно член 17 ст.3 од Законот за финансирање на политичките партии.

Иако за да ги добиеме информациите го користевме Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер за информациите кои беа побарани од нив имаат обврска јавно да ги објават на веб страницата на политичката партија и во најмалку еден од дневните весници, а Годишниот финансиски извештај како и во Службен весник на РМ.[10] Нивниот игнорантски однос само покажа дека царува „премолчното одбивање" кое е „сателит" на пристапот до информации.[11]
Со нивното молчење и игнорантско однесување кон барањата за пристап до информациите кои се јавни, или би требало да бидат јавни, политичките партии создаваат ѕид од тишина, кој ја потврдува забелешката од Европската комисија во Извештајот за напредокот на РМ за 2010 година, дека спроведувањето на законодавството за финансирање на политичките партии и изборни кампањи се уште не дава резултати.[12]

## Политичките партии ги игнорираат обврските кон надзорните тела

Последните измени на Законот за финансирање на политичките партии, од јули 2009 година, беше очекувано да ја зголемат транспарентноста на донациите, но и да ги заострат обврските на политичките партии за известување до надзорните тела, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Државниот завод

[10] Член 17 и член 27-а од Законот за финансирање на политичките партии.
[11] http://www.komspi.mk/Content_Data/Baneri/Godisen%20Izvestaj%202009.pdf, види стр.3
[12] http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2010/package/mk_rapport_2010_en.pdf, стр.14

за ревизија, за нивното финансирање. Заради обезбедување на објективност во оценките за нивната транспарентност во делот на финансирањето во текот на набљудувањето доставивме барања до овие институции за да ги добиеме кварталните извештаи од 2010 година на сите политички партии во РМ кои ги доставиле[13] со листа на политички партии кои не ја исполниле обврската. Дополнително од Државниот завод за ревизија (ДЗР) побаравме фотокопии од Годишните финансиски извештаи за 2009[14] на сите политички партии во РМ и листа на политичките партии кои не ја исполниле обврската.

Посебно до ДЗР и Министерството за финансии поднесовме барање за да дознаеме дали се утврдени неправилности од финансиските извештаи[15] на политичките партии за 2009 година и ако да, кај кои политички партии, односно дали се известени надлежните органи заради поведување на соодветна постапка? Исто така ги побаравме и Извештаите од извршената контрола или ревизија на финансиското работење.[16]

До институциите, надзорните тела, беа поднесени вкупно 18 барања[17], од кои 8 во октомври 2010, а другите 10 во февруари 2011 год. Бројот на поднесените жалби, вкупно 10 за 18 барања до надзорните тела, кои се заради „премолчно одбивање" на барањата или одбивањето на пристапот до информациите од нивна страна, е само потврда за нашето традиционално затворено општество[18].
Па така Управата за јавни приходи од која ги побаравме двата кварталните извештаи за 2010 година, кои се информации кои треба да бидат објавени на веб страниците на политичките партии, во одговорот на барањето го одби пристапот со образложение дека бараните информации се даночна тајна.[19] Иако постапката за да дојдеме до одговорот, по вложувањето на правните лекови за остварување на правото за слободен пристап, траеше долго сепак во јануари 2011 добивме одговор[20] дека само четири политички партии ја исполниле својата обврска кон УЈП. Тие се: Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), Либералната партија на Македонија (ЛП), Демократски сојуз (ДС) и Демократска унија за интеграција (ДУИ). Листата на политички партии кои не доставиле квартални извештаи е дадена во Прилог бр. 1. И третиот квартален извештај до УЈП го доставиле истите четири политички партии[21]. Она што загрижува од евиденцијата на УЈП за третиот квартален извештај на донации од политичките партии, а е видливо во Прилог бр. 2, дека владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ не е ниту во евиденцијата на партии кои доставиле извештај, ниту во евиденцијата на партии кои не ја исполниле обврската. За третиот квартален извештај на донации, во евиденцијата на УЈП, се појавува Општински комитет на ВМРО-ДПМНЕ –Св. Николе.

Дека политичките партии „подзаборавиле" на Државниот завод за ревизија и обврските кои ги имаат кон него покажува евиденцијата[22] за првите два квартални извештаи од политичките партии. За разлика од УЈП, до која 4

---

[13] Согласно член 25 од Законот за финансирање на политичките партии
[14] Согласно член 27 од Законот за финансирање на политичките партии
[15] Согласно член 27-б од Законот за финансирање на политичките партии
[16] Согласно член 27-б став 2 од Законот за финансирање на политичките партии, види детално во Мерки за зголемување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, стр. 18
[17] Види табела бр.1 на страна 6
[18] Види повеќе во Анализа и наоди од набљудувањето на имплементацијата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (2006-2010): „Добар закон има, но се игнорира", http://www.soros.org.mk/dokumenti/Analiza-FIOOM-Sloboden-pristap-21102010.pdf
[19] УЈП бр.12/4954/1
[20] УЈП бр.13-716/1 од 26.01.2011
[21] УЈП бр. 13-574/2 од 26.01.2011
[22] ДЗР бр. 20-466/4 и

политички партии ги доставија двата квартални извештаи за 2010, до ДЗР само 2 политички партии ги доставиле овие извештаи и тоа: Демократски сојуз (ДС) и Демократска унија за интеграција (ДУИ).

Подоцна во текот на годината, третиот квартален извештај за 2010, до ДЗР[23] го доставиле 5 политички партии, и тоа: Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), Либералната партија на Македонија (ЛП), Демократски сојуз (ДС), Демократска унија за интеграција (ДУИ) и ВМРО-ДПМНЕ. Но и покрај тоа што баравме фотокопии од доставениот трет квартален извештај од ДЗР не ги добивме. А до УЈП 4 политички партии: Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), Либералната партија на Македонија (ЛП) и Демократски сојуз (ДС), Демократска унија за интеграција (ДУИ). Добро е што за овој квартал малкуте политички партии кои доставиле извештаи овој пат тоа го сториле како што бара законот, односно ги пратиле своите извештаи до двете надзорни тела, освен што останува нејасно зошто владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ која го доставила извештајот до ДЗР, не го сторила истото и до УЈП (Прилог бр.3).

Истражувањето покажа дека политичките партии сметаат дека треба да подготват извештај за добиени донации[24] и да го достават до УЈП и ДЗР само ако имале примено донација во некој од кварталите. Така на пример Социјалистичката партија на Македонија во својот одговор[25] на нашето барања наведува дека „... Партијата нема добиено никакви донации, па според тоа и нема обврска да доставува такви информации до надлежните органи и истите да ги објавува на web страницата на СПМ.“ Сличен е одговорот и од Партија на Правдата[26] и од Социјалдемократската унија[27]. И за нас ќе беше прифатливо ова нивно сфаќање доколку на барањата за овие извештаи од двете надзорни тела не добиевме различни податоци од нивната евиденција. Па така истражувањето покажа дека има политички партии кои имаат извештаи за примени донации и ни ги доставија во одговорите на нашите барања за пристап до информации, а тие партии не се појавуваат во евиденцијата на надзорните тела. Таков е примерот со Нова социјалдемократска партија[28] која дури и своите извештаи ги има објавено на својата веб страница, но и со Демократска обнова на Македонија[29] и Демокрација е Ре[30] кои имаат извештаи за примените донации во кварталите од 2010 .

Она што ја поткопува довербата во институциите е нивниот игнорантски и индиферентен однос кон барањата од граѓаните, здруженијата и другите правни лица. Во нашиот случај, во ова истражување, податоците за доставените извештаи од сите квартали во 2010 година од страна на политичките партии ни беа потребни за да направиме споредба дали има подобрување и зголемување на одговорноста на политичките партии кон надзорните тела. Но, иако поднесовме барање[31] до ДЗР на 16 февруари 2011 кое се однесува на информациите поврзани со последниот – четврт квартален извештај за примените донации на политичките партии, до средината на август се уште не сме удостоени со одговор или било каков „крик“ од нивна страна во насока на наше запознавање со содржината на бараните информации. Податоците за овој квартал ги добивме од УЈП[32]. За жал не

---

[23] ДЗР бр.20-599/4 од 01.12.2010 и бр.44-476/2 од 28.04.2011

[24] Различно ја толкуваат одредбата 25 од Законот за финансирањето на политичките партии

[25] СПМ бр.0302-42 од 22.12.2010

[26] ФООМ бр.11-150/3 од 01.07.2011

[27] Социјалдемократска унија бр.998/2-2010 од 10.01.2011

[28] НСДП бр.04-05/11 од 17.03.2011

[29] Извештај за трет квартал, ДОМ, примен во ФООМ на 01.07.2011 бр.11-160/3

[30] Демокрациа е Ре бр. 239/1 од 14.01.2011

[31] ФООМ 11-135/1 од 16.02.2011

[32] УЈП бр.13-1384/2 од 07.03.2011

се подобри состојбата со бројот на политички партии кои доставуваат навремено извештаи за примените донации во еден квартал. Споредено[33] со другите три квартали во 2010 година и овој пат само пет политички партии доставиле извештаи за примените донации во четвртиот квартал во 2010: Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), ВМРО-ДПМНЕ, Либералната партија на Македонија (ЛП), Демократски сојуз (ДС) и Демократска унија за интеграција (ДУИ).




**Графикон број 2**: Споредба на доставените квартални извештаи за примените донации од политичките партии до УЈП и ДЗР

Бројот на политички партии кои доставиле Годишни финансиски извештаи за 2009 до ДЗР е минимално повисок од почитувањето на обврската за да доставуваат квартални извештаи за примените донации. До ДЗР за 2009 вкупно 11 политички партии го доставиле овој извештај.[34] Тоа се: Демократска лига на Бошњаците, Партија на пензионерите на РМ, Обединета партија за еманципација на Ромите, Партија за нова демократија, Либерална партија, Унија за култура на Власите, Социјалистичка партија, Нова социјалдемократска партија, Демократска партија на Србите во Македонија, Партија за европска иднина и Демократски сојуз.

## НАДЗОРНИТЕ ТЕЛА НЕМААТ ПОДАТОЦИ ЗА ИМОТОТ СО КОЈ РАСПОЛАГААТ ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Пописот на имотот со кој располагаат политичките партии е обврска[35] на политичките партии која требало да биде завршена во мај 2005 година. Односно, со донесувањето на Законот за финансирање на политичките партии во 2004 година наложено е политичките партии да направат попис на имотот со кој располагаат и истиот да го достават до ДЗР, УЈП и Централниот регистар. За целите на истражувањето од трите институции ги побаравме доставените изготвени пописи на имотот со кој располагаат политичките партии. Сакавме да споредиме дали податоците на институциите се идентични или се разликуваат, но и дали институциите имаат евиденција и како се справуваат со партиите кои не ја

[33] Види го Прилог 3
[34] ДЗР бр.20-466/3 од 22.07.2010
[35] Обврска која требало да ја завршат во периодот од 5 ноември 2004 до 5 мај 2005 година, согласно член 33 на Законот за финансирање на политичките партии

исполниле обврската. Она што истражувањето го покажа е дека ниту една политичка партија нема доставено до УЈП изготвен попис на имотот со кој располага.[36] Нејасно е зошто барањето за оваа информација Државниот завод за ревизија, кој треба да има значајна улога во обезбедување на целосно спроведување на Законот за финансирање на политичките партии, по изминување на повеќе од 6 месеци се уште го нема одговорено. И на крај, Централниот регистар не' извести дека не располага со овие податоци[37] и смета дека со бараните податоци располага Основниот суд Скопје 2 – Скопје, кој го води Единствениот судски регистар на политичките партии. Гледано само од аголот на примената на Законот за слободен пристап, препраќањето на барањето добиено согласно овој Закон е обврска на имателот на информации кој го примил барањето и тоа е во ред сторено, но како е можно Централниот регистар да не располага со овие информации кога во Законот за финансирање на политичките партии тие се една од трите институции до кои треба да бидат доставени изготвените пописи? Од ова што може друго да се заклучи освен дека Централниот регистар не знае дека согласно Законот за финансирање на политичките партии е една од трите институции до кои требало да бидат доставени пописите на имотот со кој располагаат политичките партии.

## НЕАЖУРИРАНИ ПОДАТОЦИ ВО ЕДИНСТВЕНИОТ СУДСКИ РЕГИСТАР НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ – НЕМОЖНОСТ ДА СЕ ДОСТАВАТ БАРАЊАТА

Пред да започнеме со Истражувањето, во втората половина од 2010 година беше период кога ја креиравме методологијата[38] за потребите на ова истражување. Сакавме колку што е можно повеќе да имаме објективен пристап во изборот на политичките партии кои ќе ги набљудуваме дали ги исполниле своите обврски поврзани со транспарентноста во нивното финансирање. Бевме свесни дека има политички партии кои иако немаат претставници во Собранието на РМ, имаат претставници во единиците на локалната самоуправа, или пак учествувале на последните избори а немаат претставници ни на централно ни на локално ниво. Затоа го користевме Единствениот судски регистар на политичките партии, кој е даден во Прилогот бр. 4. Согласно Законот за политичките партии овој регистар го води Основниот суд Скопје 2 – Скопје. Во регистарот се ажурираат податоците за политичките партии така што партиите се должни пред истекот на четири години од нивната регистрација да достават поединечно дадени 1000 потписи заверени пред нотар[39]. Доколку оваа обврска не ја исполнат тогаш ќе бидат избришани од Единствениот судски регистар на политичките партии.
До Основниот суд Скопје 2 – Скопје упативме барање за слободен пристап до информации и во законскиот рок од 30 дена од судот го добивме Единствениот судски регистар на политичките партии[40]. Во него беше нотирано дека во РМ 48 политички партии се регистрирани и усогласени со законодавството, а за останатите партии запишани од реден број 49 до 85 се во тек постапки за бришење од регистарот. Затоа во текот на ова истражување барањата за пристап до кварталните извештаи за добиените донации во 2010 и Годишниот финансиски извештај за 2009 ги упативме до овие 48 политички партии.[41]

[36] УЈП бр.13-2239/2 од 15.04.2011
[37] Централен регистар на РМ бр. 08-286/4 од 23.02.2011
[38] Види детално на страна 3: Методологија на истражувањето
[39] Член 11 од Закон за политичките партии
[40] Основен суд Скопје 2 – Скопје 03.Су.бр.1528/2010 од 19.07.2010
[41] Види детално на страна 3: Методологија на истражувањето

Истражувањето покажа дека дури 9 политички партии имаат податоци, адреса на седиштето[42], во Единствениот судски регистар на политичките партии на која не ја примаат својата пошта. На адресите дадени за седиштето на политичките партии: Сојуз на Ромите од Македонија[43], Обединета партија за еманципација, Бошњачка демократска партија, Српска напредна странка во Македонија, Демократска лига на Бошњаците во РМ, Народно движење за Македонија, Демократски сојуз на Власите од Македонија, Национална алтернатива и Партија на слободни демократи не можевме да доставиме препорачани поштенски пратки со барањата за пристап до информациите во октомври 2010. Или веќе беа иселени или непознати на адресата која ја имаат дадено во Единствениот судски регистар на политичките партии.

Дополнителен проблем и недоверба кај дел од политичките партии создадоа барањата испратени во февруари 2011 година. Па така, иако во октомври 2010 барањата ги примија 39 политички партии, во вториот наврат на барањата за слободен пристап до дополнителни 13 политички партии не можевме да доставиме препорачани поштенски пратки со барањата за пристап до информациите. Барањата за пристап се вратија од Демократската партија на Турците[44], Демократска партија на Србите во Македонија[45], Демократски сили на Ромите[46], Нова либерална партија[47], Партија за движење на Турците во Македонија[48], Партија за европска иднина[49], Нова алтернатива[50], Социјалдемократска партија на Македонија[51], Национална демократска унија[52],

[42] Која е составен дел од Образецот за упис во судски регистар на политичките партии, објавен во Службен весник на РМ бр.28/2007

[43] Оваа партија имаше освоено пратенички мандат во составот на Собранието на РМ 2008-2011, а има освоено и мандат на Предвремените парламентарни избори 2011 како дел од *Коалицијата „ВМРО-ДПМНЕ, Социјалистичка Партија на Македонија, Демократски Сојуз, Демократска Обнова на Македонија - Дом, Демократска Партија на Турците на Македонија, Демократска Партија на Србите Во Македонија, Сојуз На Ромите од Македонија, Обединета Партија За Еманципација, Партија На Правдата, Странка На Демократска Акција На Македонија – Сда , Партија На Власите Од Македонија, Партија За Интеграција На Ромите, Бошњачка Демократска Партија, Демократски Сили На Ромите – Дср, Трајно Македонско Радикално Обединување – Тмро, Нова Либерална Партија, Народно Движење За Македонија, ВМРО - Дп (Вмро- Демократска Партија), Вмро – Обединета Вмро – Об, Татковинска Македонска Организација За Радикална Обнова – Вардар – Егеј – Пирин – Тморо – Веп, Македонска Алијанса и ВМРО Македонска "*

[44] Оваа партија е дел од *Коалицијата „ВМРО-ДПМНЕ, Социјалистичка Партија на Македонија, Демократски Сојуз, Демократска Обнова на Македонија - Дом, Демократска Партија на Турците на Македонија, Демократска Партија на Србите Во Македонија, Сојуз На Ромите од Македонија, Обединета Партија За Еманципација, Партија На Правдата, Странка На Демократска Акција На Македонија – Сда , Партија На Власите Од Македонија, Партија За Интеграција На Ромите, Бошњачка Демократска Партија, Демократски Сили На Ромите – Дср, Трајно Македонско Радикално Обединување – Тмро, Нова Либерална Партија, Народно Движење За Македонија, ВМРО - Дп (Вмро-Демократска Партија), Вмро – Обединета Вмро – Об, Татковинска Македонска Организација За Радикална Обнова – Вардар – Егеј – Пирин – Тморо – Веп, Македонска Алијанса и ВМРО Македонска "* која освои најмногу пратенички мандати во Собранието на РМ на изборите одржани на 5 јуни 2011 година

[45] Исто како фуснота 44

[46] Исто како фуснота 44

[47] Исто како фуснота 44

[48] Оваа партија е дел од *Коалицијата „Социјалдемократски Сојуз На Македонија (СДСМ), Нова Социјалдемократска Партија, Партија За Европска Иднина, Либерална Партија На Македонија, Движење За Национално Единство На Турците Во Македонија, Српска Напредна Странка Во Македонија, Партија За Целосна Еманципација На Ромите, Нова Алтернатива, Сојуз На Титови Леви Сили, Партија За Движење На Турците Во Македонија, Демократски Сојуз На Србите Во Македонија, Демократски Сојуз На Власите Во Македонија, Партија На Слободни Демократи, Партија На Пензионерите На Рм и Санџачка Лига"* која има втора по ред освоено мандати во Собранието на РМ на изборите одржани на 5 јуни 2011 година, веднаш по владејачката Коалиција

[49] Исто како фуснота 48

[50] Исто како фуснота 48

[51] Оваа партија учествуваше со пратенички листи на Предвремените парламентарни избори во РМ, одржани на 5 јуни 2011 година

Партија на обединети демократи на Македонија[53], Партија за целосна еманципација на Ромите – Тетово, Сојуз на Еѓипќаните – Охрид и Демократска унија на Ромите – Прилеп.




**Графикон број 3**: Споредба на набљудуваните политички партии со бројот на барања кои не може да бидат поднесени

[52] Исто како фуснота 51
[53] Исто како фуснота 51

## II – Почитување на правото за пристап до информациите

Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер претпоставува дека граѓаните и правните лица ќе можат да поднесуваат барања за пристап до информации од јавен карактер, и на истите ќе можат веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена, да добијат целосен одговор. Покрај целосната оцена во поглавјето I на резултатите кои ги добивме со ова истражување на политичките партии, тука сакаме да укажеме и на некои состојби и недостатоци, односно идентификувани слабости при користење на правото за пристап до информации.

Имено, Фондацијата Отворено општество – Македонија се залагаше за почитување на уставно гарантираното право на пристап до информациите и негово законско регулирање од 2004 година. Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер беше донесен во јануари 2006 година, а отпочна да се применува од 1ви септември 2006 година. Една година по примената на Законот за слободен пристап Фондацијата го објави првиот извештај од имплементацијата на Законот за слободен пристап: Ѕид од тишина[54]. Тогаш констатиравме дека „премолчното одбивање“[55] е најголемиот проблем за остварувањето на правото на слободен пристап до информации. И сега по пет години од примената на Законот за слободен пристап, навиките за игнорирање на барања за пристап до информациите не се променети.

### Пристапот е правило – игнорирањето предизвикува непотребно високи финансиски трошоци

Пристапот е правило и во основа, сите информации кои ги креираат и со кои располагаат имателите на информации и припаѓаат на јавноста. Затоа само по исклучок и поради заштита на мал број легитимни интереси, пристапот до информации може да биде ограничен. Но важно е да се потенцира дека пристапот до информациите е бесплатен.[56] Во ова истражување беа поднесени вкупно 152 барања, од кои 30 не можевме да ги доставиме. 122 барања за пристап до информациите беа уредно примени од политичките партии и од институциите. Но поради „премолчното одбивање“, односно поради игнорирањето на барањата, а со цел да го оствариме и заштитиме правото на пристап до информациите поднесовме 94 жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер[57] и тоа 89 жалби против политичките партии и 5 против институциите.

Бидејќи заштита на правото за пристап до информациите (во жалбената постапка и судската заштита) на Фондацијата ја водат адвокати од Македонското здружение на младите правници[58], нас ни беа потребни приближно 300.000 денари[59] за подготовката на овие жалби поради „премолчно одбивање“. Ова се непотребно потрошени финансии[60] за да се обезбедат информации кои треба да бидат јавно

---

[54] http://www.soros.org.mk/download/Zid_od_tishina.pdf

[55] Види подетално на стр.37 во Ѕид од тишина, Една година подоцна: Извештај од имплементацијата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ФИООМ

[56] Види член 10 од Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер

[57] www.komspi.mk, Комисијата одлучува по жалбите против решението или заклучокот со кој имателот на информацијата го одбил барањето за пристап до информации на барателите на информации

[58] www.myla.org.mk

[59] Односно, повеќе од 4.800 Евра

[60] Авторите ја потенцираат за читателите разликата помеѓу (1) трошоци за посредување на информации кои што се утврдени со акт на Владата на РМ, а кои материјални трошоци се

достапни на веб страниците на политичките партии, во најмалку еден дневен весник, но и во Службениот весник на РМ.[61]
Потврда на игнорантскиот и индиферентен однос на политичките партии кон барањата за слободен пристап се донесените 46 решенија од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап. Со сите 46 решенија жалбите се уважуваат и ги задолжуваат политичките партии да ни ги достават бараните информации. Некои беа задолжени тоа да го сторат до 11.03.2011, до 25.03.2011, до 29.04.2011, некои до 30.06.2011. Дека политичките партии се заразени од молчењето и немаат однос кон слободниот пристап покажува и примерот со третманот на решенијата на Комисијата. И по изминување на неколку месеци бараните информации ги добивме само од 8 политички партии: Социјалистичка партија на Македонија, Партија на Власите од Македонија, Партија на правдата, Партија за европска иднина, Демократска обнова на Македонија, Национална демократска унија, Социјалдемократска унија и Демокрациа е Ре.

Од друга страна, кога зборуваме за бесплатен пристап до информациите, тука посебно е важно да посочиме дека бараните информации од Централниот регистар на РМ кои се однесуваат на Годишната сметка за финансиското работење на политичките партии за да ги добиеме требаше да платиме 14.679 денари[62]. А, согласно Законот за финансирање на политичките партии овие Годишни сметки партиите во духот на зголемувањето на транспарентноста на финансирањето на политичките партии ги задолжува самите политички партии да ги објават на своите веб страници и во најмалку еден од дневните весници.

## ИСПРАТЕНИ НА ДРУГО МЕСТО: ПРЕПРАЌАЊА

Македонскиот Закон за слободен пристап содржи одредби со кои се регулира постапката на препраќање на барањата кои „стигнале“ до погрешен имател на информации. Така со Законот обврската за препраќање на барањата е „доделена“ на имателот до кој е упатено барањето. Оваа обврска временски е ограничена од страна на законодавецот така што ако имателот не располага со бараната информација, веднаш, а најдоцна во рок од три дена должен е да го препрати барањето и да го извести барателот.

Значи, оттука произлегуваат три обврски за имателите на информациите. Прво, според содржината на барањето, да утврдат кој орган е надлежен; второ, да го препратат барањето; и трето, да го известат барателот, за тој да знае од кого да ја очекува бараната информација. Во ова истражување само мал дел од барањата, 18, беа доставени до институции кои според Законот за финансирање на политичките партии се задолжени за надзор врз финансиското работење на политичките партии. Но сепак нивните постапки ни овозможија да идентификуваме сериозни слабости во врска со применувањето на одредбите за препраќање, односно на сфаќањето на институциите „располага со бараната информација“.

Па така барањата за пристап до информацијата за изготвен попис на имотот на политичките партии ги испративме во февруари 2011 до трите институции, ДЗР, УЈП и Централниот регистар, кои Законот за финансирање на политичките партии

---

надоместуваат за добиен препис, фотокопија или електронски запис на информација, со (2) финансиски трошоци за заштита на правото за слободен пристап во жалбена постапка и судска заштита
[61] Види фуснота 7
[62] Приближно 240 Евра, види Прилог 5

ги набројува како институции до кои треба да биде испратен овој документ.[63] Централниот регистар наместо да го одговори го препратил барањето до УЈП. Две од трите горе наведени законски обврски не се исполнети од страна на имателот Централниот регистар. Прво според содржината на барањето тие се надлежни за оваа информација (иако и УЈП е надлежна), а второ во известувањето за препраќањето не упатија на Основниот суд Скопје 2 - Скопје. Дури од кога го добивме одговорот од УЈП (Прилог бр.6), по два месеци од поднесувањето на барањето до Централниот регистар, сфативме дека барањето упатено до нив „стигнало“ до УЈП. Овој начин на постапување е проблематичен за остварувањето на правото за слободен пристап најповеќе затоа што пристапот кој треба да биде остварен веднаш, или најдоцна во рок од 30 дена, е продолжен на 60 дена[64]. Продолжувањето на времето ги одвраќа барателите да го користат Законот за слободен пристап и на тој начин да доаѓаат до информациите, а ја зголемува нивната недоверба во институциите.[65]

## „НЕЗАВИСНАТА“ КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР – ЗАВИСНА ОД ДРЖАВНИОТ БУЏЕТ

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап, како второстепен орган, решава по жалбите против одбиените барања за слободен пристап. Таа се грижи за едукација на граѓаните и јавните органи, дава мислења за закони со кои го регулираат ова право, како и поднесува годишен извештај за спроведувањето на Законот за слободен пристап до Собранието на РМ. Комисијата во својот последен извештај за 2010 година истакнува дека „со одобрениот и ребалансот на Буџетот не ги реализирала зацртаните, но и активностите што произлегуваат како законска надлежност за афирмирање на слободниот пристап до информации од јавен карактер, како што е медиумската презентација на Законот, објавување на листата на имателите во медиумите, издавање публикации, билтени или брошури. Заради однапред утврдениот Буџет, драстично намален во споредба со 2009 година, Комисијата беше принудена и успеваше некако да се вклопи во рамките на претходно планираните финансиски средства, водејќи сметка да не се наруши процесот на нејзиното функционирање.“[66] Значи, иако Комисијата побарала зголемување на буџетот за нејзината работа државата го игнорирала барањето и ја оставила „како риба на суво“.

Комисијата е должна да одлучи по жалбата во рок од 15 дена. Рокот кој е даден за одлучување на Комисијата за овој вид постапка, кога се бара остварување на право, е кус за да се постигне поголема брзина, итност и ефикасност. Нашето истражување ги покажува негативните последици по слободниот пристап до информациите од постапката на државата која континуирано го намалува буџетот за работа на Комисијата. Така на пример за поднесените 94 жалби за „премолчните одбивања“ во ова истражување, до завршувањето на извештајов, Комисијата донела само 46 решенија и тоа ниту едно од нив не е донесено во законскиот рок од 15 дена. Жалбите кои ги поднесовме во декември 2010 година, Комисијата ги решила на седници одржани на 17 февруари 2011, 9 март 2011, 11 април 2011 и 9 јуни 2011, а за половината се уште немаме добиено решенија. Комисијата се наоѓа

---

[63] Види детално во Надзорните тела немаат податоци за имотот со кој располагаат политичките партии, стр. 10

[64] УЈП бр.13-2239/2 од 15.04.2011

[65] Види Истражување за перцепцијата на граѓаните во Република Македонија за остварувањето на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и оцената на имателите на информации за примената на правото, ФИООМ 2009

[66] http://www.sobranie.mk/ext/materialdetails.aspx?Id=2d09c699-6a8c-4453-b27d-bbb315da7273

во ситуација да доставува допис до еден од адвокатите кои ги застапуваа барањата за слободен пристап со кој известува „.... по откажувањето на поштенските услуги кои за Комисијата ги вршеше Службата за општи и заеднички работи на Владата, Комисијата од почетокот на оваа година се најде во ситуација да нема доволно финансиски средства за покривање на оваа многу значајна обврска.“ (Прилог бр.7)

Ова доведува до продолжување на роковите дадени во Законот за слободен пристап за решавање по жалбите, со што се намалува ефикасноста на Комисијата, но и се обесхрабруваат барателите во заштитата и остварувањето на своето право на слободен пристап.

## III – Мерки за зголемување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии

Во завршниот дел на овој Извештај сакаме да ги спoредиме резултатите од истражувањето на транспарентноста наа политичките партии кои ги добивме во периодот 15 октомври 2010 год. - 15 јули 2011 год. со наодите и препораките од Третиот извештај за евалуација[67] на РМ од Групата држави против корупцијата при Советот на Европа (ГРЕКО) кои констатираат меѓу другото и недостиг на ефективно спроведување на правилата за финансирање на политичките партии. Важно е да се напомене дека препораките на ГРЕКО дадени во Третиот извештај за евалуација треба да бидат спроведени до септември 2011 година.

Во една од препораките на Третиот извештај за евалуација на РМ од ГРЕКО е наведено дека е потребно да се обезбеди водечко независно тело потпомогнато, ако е соодветно, од други надлежни органи, со мандат, адекватни моќи и извори за спроведување на проактивна и ефикасна супервизија, истрага и применување на регулативите за политичко финасирање. Бројот на доставените Годишни финансиски извештаи за 2009 до ДЗР од страна на политичките партии, вкупно 11, е само потврда на недостигот на ефективно спроведување на правилата за финансирање на политичките партии. Дополнително, државата мора да најде начин и да обезбеди водечко независно тело кое ќе го контролира спроведувањето на законодавството за финансирањето на политичките партии затоа што и резултатите од ова истражување покажуваат различен однос на партиите кон надзорните тела. Така на пример, од евиденцијата на институциите за првите два квартални извештаи од политичките партии за добиените донации видлива е ралика во постапувањето, па кон Државниот завод за ревизија обврските ги исполните 2 политички партии, а кон УЈП 4 политички партии.[68]

Во Третиот извештај за евалуација на РМ од ГРЕКО законодавството само по себе е оценето како многу силно со епитетот „тигар на хартија", но големите забелешки одат на сметка на недостатоците во надзорот на финансирањето на политичките партии.[69] Затоа во ова истражување не' интересираше дали евентуалните прекршувања на правилата за финансирање на партиите се кривично гонети, односно дали се казнети. До ДЗР и Министерството за финансии кои се надлежни за надзорот над финансиско - материјално работење[70], поднесовме барање за да дознаеме дали се утврдени неправилности од финансиските извештаи на политичките партии за 2009 година и ако да, кај кои политички партии. Барањето го проширивме за да дознаеме дали евентуално се известени надлежните органи заради поведување на соодветна постапка. Информациите кои ги добивме од ДЗР се дека „Во годишната програма за работа на ДЗР за 2010 година не биле планирани ревизии на финансиското работење на политичките партии, поради што не се изготвени Конечни ревизорски извештаи, ниту се известени надлежните органи заради поведување на соодветна постапка."[71] Загрижува одговорот кој го добивме од Министерството за финансии, а тоа е дека тие не располагаат со

---

[67] http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/greco/evaluations/round3/GrecoEval3(2009)6_FyroMacedonia_Two_EN.pdf

[68] Види детално во Политичките партии ги игнорираат обврските кон надзорните тела, на страна 7 или во Прилог бр.3

[69] http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/greco/evaluations/round3/GrecoEval3(2009)6_FyroMacedonia_Two_EN.pdf, стр. 19

[70] Член 26 од Закон за финансирање на политичките партии

[71] ДЗР бр.36-571/2 од 14.07.2011

бараната информација.[72] Ова само ја потврдува нотираната забелешка и од ГРЕКО дека неефикасноста на надзорните тела можеби е резултат на екстремно расцепканиот и целокупно неефикасен систем на надворешната супервизија. Иако има уште малку време до рокот кој е даден за исполнување на препораките од Третиот извештај за евалуација, информациите до кои дојдовме укажуваат дека се движиме многу бавно до целта.

[72] Министерство за финасии бр. 03-6306/8 од 30.06.2011 год.

ПРИЛОГ 1

## Прилог 3

**кон бр.13-4954/15**

**Листа на политички партии кои не ја исполниле обврската според член 25 од Законот за финансирање на политички партии за прв и втор квартал за 2010 година**

| Рб | ЕДБ | Назив и седиште на политичка партија | Дата на поднесен Извештај за добиените донации по квартали | |
|---|---|---|---|---|
| | | | I кв. 2010 | II кв. 2010 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**Регионална дирекција ТЕТОВО:**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 4028002130587 | Демократска партија на албанците Тетово | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 2 | 4028006147212 | Партија за демократска иднина Тетово | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 3 | 4028007501923 | Демократска унија на албанците Тетово | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 4 | 4028009504196 | Партија за еманципација на ромите Тетово | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 5 | 4028990116390 | Партија за демократски просперитет Тетово | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 6 | 4028990119453 | Народна демократска партија Тетово | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 7 | 4028990128428 | Партија за демократска акција- вистин.пат Тетово | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 8 | 4028992115625 | Демократска партија на Македонија Тетово | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 9 | 4028995113739 | Партија за демократски просперитет на албанците Тетово | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |

**Регионална дирекција БИТОЛА:**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 4002004164749 | Земјоделска Народна партија на Македонија - Битола | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 2 | 4021991116585 | Социјалистичка Партија на Македонија - Прилеп | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |

**Регионална дирекција ШТИП: нема регистрирано политички партии**

**Регионална дирекција КАВАДАРЦИ: нема регистрирано политички партии**

**Регионална дирекција СКОПЈЕ:**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 4030997272561 | Либерално демократска партија | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 2 | 4030990338990 | ВМРО-ДПМНЕ | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 3 | 4030992429128 | Странка за демократска акција на Македонија | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 4 | 4030002439191 | ВМРО Македонска | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 5 | 4030002442109 | Републиканска партија на Македонија | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 6 | 4030002449065 | Народно движење за Македонија | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 7 | 4030002451256 | Демократски сојуз на Власите од Македонија | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 8 | 4030002453330 | Зелена партија на Македонија | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 9 | 4080009505057 | Обединети за Македонија | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 10 | 4030004501080 | Реформирана комунистичка партија на Македонија | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 11 | 4030004517076 | ВМРО - НП | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 12 | 4030005572488 | Нова социјалдемократска партија | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 13 | 4030006583793 | Партија за интеграција на Ромите | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 14 | 4030006586776 | Партија за европска иднина | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 15 | 4030006587691 | Сојуз на Титови леви сили | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 16 | 4030006593594 | ТМРО ВЕП | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 17 | 4030006594345 | Демократска обнова на Македонија (ДОМ) | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 18 | 4030008013749 | Партија на слободни демократи | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 19 | 4030008038245 | Партија на обединети демократи на Македонија-ПОДЕМ | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 20 | 4030008038300 | Социјалдемократска унија | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 21 | 4082009500066 | Партија за нова демократија | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |
| 22 | 4030991131222 | Социјалистичка партија | Нема дос.изв. | Нема дос.изв. |

Скопје, 24.11.2010 година

Татјана Банишка Митровска
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Управа за јавни приходи – Скопје
Генерална дирекција

ПРИЛОГ 2

**Прилог - Листа на политички партии кои не ја исполниле обврската според член 25 од Законот за финансирање на политички партии за третиот (III) квартал за 2010 година**

| Рб | ЕДБ | Назив и седиште на политичка партија |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |

**Регионална дирекција ТЕТОВО:**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | 4028002130587 | Демократска партија на албанците Тетово |
| 2 | 4028006147212 | Партија за демократска иднина Тетово |
| 3 | 4028007501923 | Демократска унија на албанците Тетово |
| 4 | 4028009504196 | Партија за еманципација на ромите Тетово |
| 5 | 4028990116390 | Партија за демократски просперитет Тетово |
| 6 | 4028990119453 | Народна демократска партија Тетово |
| 7 | 4028990128428 | Партија за демократска акција- вистин.пат Тетово |
| 8 | 4028992115625 | Демократска партија на Македонија Тетово |
| 9 | 4028995113739 | Партија за демократски просперитет на албанците Тетово |

**Регионална дирекција БИТОЛА:**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | 4002004164749 | Земјоделска Народна партија на Македонија - Битола |
| 2 | 4021991116585 | Социјалистичка Партија на Македонија - Прилеп |

**Регионална дирекција ШТИП:**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | 4017995115756 | Демократска партија за цел.еманц.на ромите - Штип |
| 2 | 4025990104961 | Општински комитет на ВМРО-ДПМНЕ - Св.Николе |

**Регионална дирекција СКОПЈЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | 4030997272561 | Либерално демократска партија |
| 2 | 4030992429128 | Странка за демократска акција на Македонија |
| 3 | 4030002439191 | ВМРО Македонска |
| 4 | 4030002442109 | Републиканска партија на Македонија |
| 5 | 4030002449065 | Народно движење за Македонија |
| 6 | 4030002451256 | Демократски сојуз на Власите од Македонија |
| 7 | 4030002453330 | Зелена партија на Македонија |
| 8 | 4080009505057 | Обединети за Македонија |
| 9 | 4030004501080 | Реформирана комунистичка партија на Македонија |
| 10 | 4030004517076 | ВМРО - НП |
| 11 | 4030005572488 | Нова социјалдемократска партија |
| 12 | 4030006583793 | Партија за интеграција на Ромите |
| 13 | 4030006586776 | Партија за европска иднина |
| 14 | 4030006587691 | Сојуз на Титови леви сили |
| 15 | 4030006593594 | ТМРО ВЕП |
| 16 | 4030006594345 | Демократска обнова на Македонија (ДОМ) |
| 17 | 4030008013749 | Партија на слободни демократи |
| 18 | 4030008038245 | Партија на обединети демократи на Македонија-ПОДЕМ |
| 19 | 4030008038300 | Социјалдемократска унија |
| 20 | 4082009500066 | Партија за нова демократија |
| 21 | 4030991131222 | Социјалистичка партија |

Скопје, 10.03.2011 година

Татјана Банишка Митровска
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Управа за јавни приходи - Скопје
Генерална дирекција

ПРИЛОГ 3

Преглед на доставени квартални извештаи од политичките партии до институциите

| Доставено до / доставено од | Управа за јавни приходи | | | Државен завод за ревизија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | I и II квартал | III квартал | IV квартал | I и II квартал | III квартал | IV квартал* |
| СДСМ | + | + | + | - | + | Премолчно одбиени |
| Демократска партија на Турците на Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| ВМРО-ДПМНЕ | - | - | + | - | + | Премолчно одбиени |
| Социјалистичка партија на Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Странка на Демократска акција на Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Македонска алијанса | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Либерално демократска партија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Сојуз на Ромите од Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Либерална партија на Македонија | + | + | + | - | + | Премолчно одбиени |
| Обединета партија за еманципација | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Демократски сојуз | + | + | + | + | + | Премолчно одбиени |
| Партија за движење на Турците во Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Демократска партија на Србите во Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Бошњачка демократска партија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Партија на Власите од Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Партија на правдата | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Социјалдемократска партија на Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| ВМРО-Македонска | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Српска напредна странка во Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Демократска лига на Бошњаците во РМ | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Народно движење за Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Демократски сојуз на Власите од Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Демократска унија за интеграција – ДУИ | + | + | + | + | + | Премолчно одбиени |
| Демократски сили на Ромите | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| ВМРО-Народна партија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Национална алтернатива | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Нова социјадемократска партија – НСДП | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Партија за интеграција на Ромите | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Партија за европска иднина – | - | - | - | - | - | Премолчно |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ПЕИ | | | | | | одбиени |
| Сојуз на Титови леви сили | - | | | | | Премолчно одбиени |
| Демократска обнова на Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Татковинска македонска организација за радикална обнова Вардар-Егеј-Пирин – ТМОРО-ВЕП | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Нова алтернатива | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Национална демократска унија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Партија на слободни демократи | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Социјалдемократска унија – СДУ | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Партија на обединети демократи на Македонија – ПОДЕМ | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Демокрациа е Ре | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Обединети за Македонија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Нова либерална партија | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Партија за демократски просперитет - Тетово | - | - | -- | - | - | Премолчно одбиени |
| Партија за демократска акција – Вистински пат, Тетово | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Демократска партија на Албанците, Тетово | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Движење на национално единство на Турците, Гостивар | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Партија за целосна еманципација на Ромите, Тетово | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Демократска унија на албанците, Тетово – ДУА | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Демократска унија на Ромите, Прилеп | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |
| Сојуз на Еѓипќаните, Охрид | - | - | - | - | - | Премолчно одбиени |

ПРИЛОГ 4

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
08-286/3
23.02.2011 год.
СКОПЈЕ

**ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР**

До:
**Фондација Институт отворено општество- Македонија**
**Бул.Јане Сандански бр.111**
**1000 Скопје**

29.02.2011
11 134/2

**Предмет: Известување за барањето**
**Врска: Ваш број 11- 134/1 од 16.02.2011 година**

Почитуван г. Милчин,

На ден 18.02.2011 година, по пошта, го добивме Вашето барање за пристап до информација од јавен карактер.
По разгледувањето на Вашето барање во кое наведувате дека барате да добиете фотокопија од Годишите сметки за финансиско работење за 2009 година на сите политички партии во РМ кои ја исполниле обврската, согласно член 26 од Законот за финансирање на политичките партии (Сл.весник бр.76/04, 86/08, 161/08 и 96/09)
Ве известуваме дека бараните финансиски податоци за 2009 година, за наведените субјекти можете да ги добиете во електронска форма, со оглед дека согласно Законот за Централен регистар (Сл.весник бр. 50/01, 49/03, 109/05 и 88/08), Централниот регистар е централна информативна база на податоци, во која податоците се внесуваат, електронски се обработуваат, обединуваат, селектираат, чуваат и се прават достапни до заинтересираните субјекти.
Доколку сте заинтересирани да ја добиете информацијата во електронска форма ќе треба да уплатите надоместок од 14.679,00 денари, согласно Тарифата на Централниот регистар, и бараната информација ќе Ви биде издадена во најкраток можен рок.

Со почит,

**Директор,**
Ванчо Костадиновски

"Кузман Јосифовски-Питу" 1, 1000 Скопје, Македонија, тел.: +389 2 3290 241, факс.: +389 2 3290236
http://www.crm.org.mk ; http://www.crm.com.mk

ПРИЛОГ 4

Република Македонија
Министерство за финансии
**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

Генерална дирекција
Кузман Јосифовски Питу 1
1000 Скопје

тел. 02/3299500;факс 02/3281010
www.ujp.gov.mk

Бр. 13 - 2239/ 2
Достава: по пошта

15.04.2011 година

**ДО:**

**Фондација Институт отворено општество - Македонија**
**бул.Јане Сандански бр.111, п.фах 378**

***СКОПЈЕ***

ФОНДАЦИЈА "ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО-МАКЕДОНИЈА" СКОПЈЕ
19.4.2011
11 134/4

**Предмет:** Давање информација од јавен карактер
**Врска:** Ваше Барање бр.11-134/2 од 16.02.2011 година

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер под горниот број и датум, препратено до Управата за јавни приходи од страна на Централниот регистар на Република Македонија согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Управата за јавни приходи утврди дека како имател на бараната информација може да се овозможи пристап, па согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во продолжение Ви ја даваме информацијата, која гласи:

**"Ниту една политичка пратија нема доставено до Управата за јавни приходи изготвен попис на имотот со која располага согласно член 33 од Законот за финансирање на полтичките пратии."**

Со почит,

**ДИРЕКТОР,**
**Горан Трајковски**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер,
Татјана Банишка Митровска

*Твој данок, Твоја иднина !*

ПРИЛОГ 5

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Бр. 07-70

Скопје, 23.05 2011 година

До

J[redacted] Б[redacted], адвокат

Ул. „[redacted]" бр.[redacted]
Скопје

ПРЕДМЕТ: Известување

ВРСКА: Барање од 18.05.2011 година

Почитувана,

Во врска со Вашето горенаведено Барање, Ве известуваме за следното:

Од контактите со службените лица во Комисијата, кои постапуваат по Вашите поднесени жалби, веруваме дека сте запознати со новонастанатата ситуација која, меѓу другото, влијаеше и на доставувањето на нашите поштенски пратки до имателите и до барателите на информации.

Сепак, должни сме да одговориме на Вашиот допис и писмено да Ве известиме дека по откажувањето на поштенските услуги кои за Комисијата ги вршеше Службата за општи и заеднички работи на Владата, Комисијата од почетокот на оваа година се најде во ситуација да нема доволно финансиски средства за покривање на оваа многу значајна обврска.

Бидејќи Комисијата е должна да постапува согласно законски предвидените рокови, ненавременото доставување на поштенските пратки резултираше со ненамерно „пробивање" на истите, односно со доцнење при препраќањето на жалбите до првостепениот орган, како и на решенијата, заклучоците и другите одлуки на Комисијата до имателите и до барателите.

Комисијата е свесна за законската должност за почитување на наведените рокови и дека не може со ваков одговор да бара „алиби" кај Вас и останатите баратели, нивни застапници и жалители, како и кај имателите, па затоа Ве замолува да го имате предвид следното:

Гоце Делчев бб, Скопје – Goce Delcev bb, Skopje тел./phone: +389 2 3127 453 факс/fax: +389 2 3115 038, 3114 695, 3117 401
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: sinf@sinf.gov.mk

Изменетиот состав на Комисијата (со одлука на Собранието од 16.03.2011 година) презема мерки за надминување на проблемот. Во тек е потпишување на договор со Македонска пошта, по што се надеваме дека поштенските пратки ќе бидат доставувани навремено.

Во исто време Комисијата работи и на завршување на формалностите околу обезбедување финансиски средства за оспособување на службеното моторно возило, кое ќе биде користено и за побрзо доставување на поштенските пратки, барем на подрачјето на Скопје.

Се надеваме дека ќе имате разбирање на образложената ситуација и нашите напори за нејзино што поскоро надминување.

СО ПОЧИТ и желба за натамошна соработка,

**Претседател,**
**Пепе Ташевски**

Гоце Делчев б.б, Скопје – Goce Delcev b.b, Skopje тел./phone: +389 2 127 453 факс/fax: +389 2 3118 038, 3114 695, 3117 401
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: sinf@sinf.gov.mk